Преку овој проект е планирано да се опремат простории – кујна и простории за складирање на намирници/прехранбени продукти за потребите на партнер институцијата за извршување на оваа социјална услуга во која крајни корисници ке бидат стари и изнемоштени лица кои не се во состојба сами да си приготват топол оброк, а се со ниски примања и не се во состојба ваквата услуга сами да ја финансираат.

Финансиски средства за опремување на просториите - кујна и простории за складирање на намирници/прехранбени продукти за потребите на институцијата-извршител на услугата, наменети за спроведување на овој проект планирано е да се обезбедат преку проектот за подобрување на социјалните услуги. Финансиски средства за набавка на превозно средство за достава на храната до домовите на корисниците исто така планирано е да се обезбедат преку проектот за подобрување на социјалните услуги.

Целта на проектот е да се подигне нивото на социјалната заштита во општината. Општина Чешиново-Облешево ќе продолжи да ги поддржува и проектите на Владата од областа на социјалната, детската и здравствената заштита преку надлежното министерството, помагајќи со материјална, техничка или друг вид на поддршка**.**

4.4.Материјална помош во случај на елементарни непогоди

Општина Чешиново-Облешево во делот на социјална заштита предвидува можност за помош во материјал за обнова на опожарени куќи, поплавени куќи или штета настаната од друг вид на елементарна непогода. Често се случува овој вид на помош да им е потребна на семејства кои живеат во тешки супстандардни услови и семејства кои имаат деца со посебни потреби.

Активности:

-Поддршка на програми и активности за кризна интервенција за брзо и ефикасно дејствување во случај на непогоди

-мапирање на постоечките ресурси и интервентните тимови за дејствување при елементарни непогоди

-Унапредување на мрежата на интервентни тимови

-Координација на распределувањето на хуманитарна помош обезбедена преку општина Чешиново-Облешево

4.5.Организирање на хуманитарни акции

За потребите на маргинализираните групи: лицата со посебни потреби, старите и изнемоштени лица , како и семејства со социјален ризик, Општината ќе организира собирни акции во облека и обувки , училишни помагала, средства за хигиена и друго, а за тешко болните лица во соработка со Центарот за социјални работи Кочани ќе посредува за добивање на парична помош.

За овие акции општината ќе го вклучи Црвенио крст и други невладини организации кои можат да помогнат во организирањето на хуманитарните акции.

4.6.Финансиска поддршка на НВО за реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поединци

За реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поедници ќе се финансираат: Оганизацијата на Црвен крст, Здруженија на лица со хендикеп и други здруженија кои остваруваат активности од областа на социјалната и здравствената заштита на територијата на Општина Чешиново-Облешево, за потребите на маргинализирани групи како: лица сопосебни потреби, стари лица , лица корисници на социјална помош и слично.

За секое поединечно барање Советот на општината ќе донесе Одлука.

5.ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финасиските средства кои се потребни за реализација на Програмата за социјална заштита во општина Чешиново-Облешево ќе се обезбедат од Буџетот на општина Чешиново-Облешево 2019 година.

Вкупно обезбедени финансиски средства:

Од Буџетот на општина Чешиново-Облешево.....600.000,00 денари

Овие финансиски средства ќе се користат за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка финансиска состојба и во специфични услови и тоа:

Лица со интелектуална или телесна попреченост .....1.000,00 до 6.000,00 денари

Деца на улица (деца без родители и родителска грижа) ..... 1.000,00 до 5.000,00 денари

Деца со посебни потреби.....1.000,00 до 6.000,00 денари

Деца од еднородителски семејства....1.000,00 до 6.000,00 денари

Лица изложени на социјален ризик.....1.000,00 до 10.000,00 денари

Стари лица без семејна грижа.....1.000,00 до 10.000,00 денари

Лица со здравствени проблеми.....1.000,00 до 6.000,00 денари (за лекување со оперативен зафат во странство до 12.000,00 денари)

Лица погодени од елементарни непогоди, пожари и друго (висината на финансиските средства што ќе се одобрат да бидат во зависност од настанатата штета)

Помош за Дневен центар за стари лица Облешево (во зависност од потребите)

Разгледувањето на поднесените барања од граѓаните (поединечно за секое барање) ќе го врши Комисија за финансии формирана од Страна на Советот на општина Чешиново-Облешево.

За секое Барање поединечно средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка на барателот.

Финансиските средства потребни за реализирање на Проектот за подобрување на социјалните услуги и за воспоставување на услугата Народна кујна за стари лица ќе се обезбедат од Министерството за труд и социјална политика преку Проектот за подобрување на социјалните услуги.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-227/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Васе Анакиев

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија

бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на висина на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Облешево“, Облешево, за 2020 година

1.Ја прогласувам Одлуката за утврдување на висина на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Облешево“, Облешево, за 2020 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2020 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-281/1 Општина Чешиново-Облешево
28.01.2020 год. Градоначалник
Облешево Горанчо Крстев

Врз основа член 88 точка 3 од Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019 и 14/2020), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Чешиново-Облешево бр. 1241/1 од 11.06.2019 година Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.01.2020 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за утврдување на висина на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Облешево“, Облешево, за 2020 година

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на плати на јавните службеници, вработени во ЈПКД „Облешево“, за 2020 година се утврдува на 58,8 денари за еден бод, по предлог на директорот на ЈПКД „Облешево“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-271/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Васе Анакиев

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за трансфер на средства до

ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2020 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-280/1 Општина Чешиново-Облешево
28.01.2020 год. Градоначалник
Облешево Горанчо Крстев

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Чешиново-Облешево бр. 1241/1 од 11.06.2019 година Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.01.2020 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево

Член 1

Се одобрува трансфер на средства од Буџетот на општина Чешиново-Облешево до ЈПКД „Облешево“ , за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево за 2020 година и тоа:

1.Работно ангажирање на сезонски работници – општи работници, 10 (десет) извршители.

Месечниот надоместок за работниците од точка 1 на овој член ќе биде утврден во Договорот за нивно времено ангажирање кој истите ќе го склучат со ЈПКД „Облешево“, а трансферот на средства од општината ќе биде по доставени месечни ситуации од страна на Јавното Претпријатие.

Месечниот надоместок за едно ангажирано лице ќе изнесува 10.000,00 денари нето приход (десет илјади денари), плус пресметан персонален данок и осигурување во случај на повреда при работа.

Член 2

Работното ангажирање на работниците од член 1 на оваа Одлука ќе трае во зависност од потребите за извршување на јавни работи, најмалку 1 (еден) месец но не повеќе од 6 (шест) месеци.

Член 3

Работата која ќе ја извршуваат работниците од член 1 на оваа Одлука ќе

се одвива по претходно дефиниран неделен план за работа.

За извршените работи ќе бидат доставувани месечни информации за видот и обемот на извршените работи.

ЈПКД „Облешево“ ќе склучи Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски со ангажираните работници.

Член 4

Средствата се обезбедени во Буџетот на општина Чешиново-Облешево а ќе бидат исплаќани на сметка на Јавното Претпријатие по претходно доставени ситуации за извршени работи.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-270/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Васе Анакиев

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Благојчо Тенов од Соколарци

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Благојчо Тенов од Соколарци, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2020 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-279/1 Општина Чешиново-Облешево
28.01.2020 год. Градоначалник
Облешево Горанчо Крстев

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Чешиново-Облешево бр. 1241/1 од 11.06.2019 година Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.01.2020 година донесе:

О Д Л У К А
За еднократна финансиска помош на Благојчо Тенов од Соколарци

Член 1

На Благојчо Тенов од с.Соколарци со ЕМБГ 3009958493043, со постојано место на живеење во с.Соколарци ул.Осоговска бр.104, му се одобрува еднократна парична помош во висина од 4.000.00 денари (четири илјади денари) како помош за лекување.

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка на 240137009702646 Уни банка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-269/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Васе Анакиев

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска и материјална помош за организација на прославата за празникот св.Трифун во с.Кучичино, 2020 година

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска и материјална помош за организација на прославата за празникот св.Трифун во с.Кучичино, 2020 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2020 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-278/1 Општина Чешиново-Облешево
28.01.2020 год. Градоначалник
Облешево Горанчо Крстев

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Чешиново-Облешево бр. 1241/1 од 11.06.2019 година Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.01.2020 година донесе:

О Д Л У К А
За еднократна финансиска и материјална помош за организација на прославата за празникот св.Трифун во с.Кучичино, 2020 година

Член 1

За организација на прославата за празникот св.Трифун во с.Кучичино, а врз основа на поднесено писмено Барање од страна на Организациониот одбор на Месна Заедница Кучичино, им се одобрува еднократна материјална помош во набавка на еден ЛЦД телевизор, како помош за лотаријата организирана од страна на Месната Заедница со вредност до 10.000,00 денари (десет илјади денари) и еднократна финансиска помош во висина од 10.000,00 денари (десет илјади денари), како помош за покривање на тековни трошоци организација на прославата.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-268/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Васе Анакиев

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за материјално-финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.10.2019-31.12.2019 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за материјално-финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.10.2019 - 31.12.2019 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2020 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-283/1 Општина Чешиново-Облешево
28.01.2020 год. Градоначалник
Облешево Горанчо Крстев

Врз основа на член 36 став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Чешиново-Облешево бр. 1241/1 од 11.06.2019 година Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.01.2020 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за материјално-финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.10.2019-31.12.2019 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за материјално-финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.10.2019 - 31.12.2019 година, изготвен од страна на ЈПКД „Облешево“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-273/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Васе Анакиев

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Облешево“ за 2020 година и за обезбедени средства за планираните

вработувања во ЈПКД „Облешево“ за 2020 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Облешево“ за 2020 година и за обезбедени средства за планираните вработувања во ЈПКД „Облешево“ за 2020 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2020 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-282/1 Општина Чешиново-Облешево
28.01.2020 год. Градоначалник
Облешево Горанчо Крстев

Врз основа на член член 20-б точка 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Чешиново-Облешево бр. 1241/1 од 11.06.2019 година Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.01.2020 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Облешево“ за 2020 година и за обезбедени средства за планираните вработувања во ЈПКД „Облешево“ за 2020 година

Член 1

Советот на Општина Чешиново-Облешево дава Согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Облешево“ за 2020 година во ЈПКД „Облешево“ и за обезбедени финансиски средства за планираното 1 (едно) ново вработување за 2020 година.

Член 2

Средствата за бруто плати за предвиденото ново вработување се планирани и обезбедени во Буџетот ЈПКД „Облешево“.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-272/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Васе Анакиев

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2019/2020 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2019/2020 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2020 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-277/1 Општина Чешиново-Облешево
28.01.2020 год. Градоначалник
Облешево Горанчо Крстев

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Чешиново-Облешево бр. 1241/1 од 11.06.2019 година Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.01.2020 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2019/2020 година

Член 1

Се усвојува писмениот Полугодишен Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2019/2020 година бр.01-56/1 од 23.01.2020 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-267/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Васе Анакиев

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2019/2020 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2019/2020 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2020 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-276/1 Општина Чешиново-Облешево
28.01.2020 год. Градоначалник

Облешево Горанчо Крстев

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Чешиново-Облешево бр. 1241/1 од 11.06.2019 година Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.01.2020 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2019/2020 година

Член 1

Се усвојува писмениот Полугодишен Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2019/2020 година бр.01-36/1 од 21.01.2020 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-266/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Васе Анакиев

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Слободанка Коцева од Уларци

1.Ја прогласувам Одлуката за еднократна финансиска помош на Слободанка Коцева од Уларци, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2020 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-275/1 Општина Чешиново-Облешево
28.01.2020 год. Градоначалник
Облешево Горанчо Крстев

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Чешиново-Облешево бр. 1241/1 од 11.06.2019 година Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.01.2020 година донесе:

О Д Л У К А
За еднократна финансиска помош на Слободанка Коцева од Уларци

Член 1

На Слободанка Коцева од с.Уларци со ЕМБГ 1802951498001, со постојано место на живеење во с.Уларци ул.11ти Октомври бб, и се одобрува еднократна парична помош во висина од 3.000.00 денари (три илјади денари) како помош за набавка на апарат за слушање.

Член 2

Средствата да се уплатат на сметка на 370000015825093 Еуростандард банка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-265/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Васе Анакиев

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Ребаланс на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2020 година, за ООУ „Климент Охридски“ Облешево и ООУ „Страшо Пинџур Соколарци

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Ребаланс на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2020 година, за ООУ „Климент Охридски“ Облешево и ООУ „Страшо Пинџур Соколарци, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 28.01.2020 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-274/1 Општина Чешиново-Облешево
28.01.2020 год. Градоначалник
Облешево Горанчо Крстев

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Чешиново-Облешево бр. 1241/1 од 11.06.2019 година Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 28.01.2020 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Ребаланс на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2020 година, за ООУ „Климент Охридски“ Облешево и ООУ „Страшо Пинџур Соколарци

Член 1

Се усвојува Ребаланс на на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2020 година, за ООУ „Климент Охридски“ Облешево и ООУ „Страшо Пинџур Соколарци, кој е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Ребалансот на Буџетот станува составен дел од Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2020 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-264/1 Совет на
28.01.2020 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Васе Анакиев

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Декември 2019 година 1

2.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за извршени работи за одржување на јавното осветлување на територија на општина Чешиново-Облешево за месец Декември 2019 година 1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварени бруто приходи од работа на пазарот во Облешево за месец Декември 2019 година 2

4.ЗАКЛУЧОК за усвојување на Информацијата за остварени бруто приходи од работа на пазарот во Облешево за месец Декември 2019 година 2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2020 година 2

6.ОДЛУКА за давање на Согласност за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2020 година 3

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во 2020 година 3

8.ОДЛУКА за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници во 2020 година 4

9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Одлуките донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10-31.12.2019 година 4

10.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за извршување на Одлуките донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.10-31.12.2019 година..... 5

11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2019 година..... 5

12.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.12.2019 година 5

13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за надомест на патни трошоци за превоз на Милена Нисова од с.Чифлик до и од Дневниот центар за лица

со ментална и телесна попреченост во Виница..... 6

14.ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства за надомест на патни трошоци за превоз на Милена Нисова од с.Чифлик до и од Дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост во Виница 6

15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за надомест на патни трошоци за превоз на Мишо Гацов од с.Жиганци до и од Дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост во склоп на ЈУМ ЦСР Кочани 7

16.ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства за надомест на патни трошоци за превоз на Мишо Гацов од с.Жиганци до и од Дневниот центар за лица со ментална и телесна попреченост во склоп на ЈУМ ЦСР Кочани 7

17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за спроведување на постапка за јавно наддавање за издавање под закуп на деловен простор сопственост на општина Чешиново-Облешево во село Облешево 8

18.ОДЛУКА за спроведување на постапка за јавно наддавање за издавање под закуп на деловен простор сопственост на општина Чешиново-Облешево во село Облешево..... 8

19.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за набавка на градежен материјал за тампонирање на банкини на патен правец Чешиново-Соколарци 9

20.ОДЛУКА за набавка на градежен материјал за тампонирање на банкини на патен правец Чешиново-Соколарци 9

21.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проектот „Изградба на улица 1ви Мај во Облешево и улица Васил Главинов во Чифлик, општина Чешиново-Облешево“ 10

22.ОДЛУКА за приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проектот „Изградба на улица 1ви Мај во Облешево и улица Васил Главинов во Чифлик, општина Чешиново-Облешево“..10

23.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проектот „Изградба на улица Едвард Кардељ во Облешево и улица Александар Македонски во Чешиново, општина Чешиново-Облешево“.....11

24.ОДЛУКА за приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проектот „Изградба на улица Едвард Кардељ во Облешево и улица Александар Македонски во Чешиново, општина Чешиново-Облешево“ 11

25.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2019 година 12

26.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот од извршениот попис на основните средства и ситен инвентар сопственост на општина Чешиново-Облешево за 2019 година 12

27.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за остварување на социјална заштита во општина Чешиново-Облешево за 2020 година 13

28.ПРОГРАМА за остварување на социјална заштита во општина Чешиново-Облешево за 2020 година.....14

29.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на висина на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Облешево“, Облешево, за 2020 година 19

30.ОДЛУКА за утврдување на висина на вредност на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Облешево“, Облешево, за 2020 година 19

31.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево 19

32.ОДЛУКА за трансфер на средства до ЈПКД „Облешево“ за работно ангажирање на сезонски работници за спроведување на Програмата за јавни работи на територија на општина Чешиново-Облешево 20

33.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Благојчо Тенов од Соколарци 21

34.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Благојчо Тенов од Соколарци 21

35.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска и материјална помош за организација на прославата за празникот св.Трифун во с.Кучичино, 2020 година ..22

36.ОДЛУКА за еднократна финансиска и материјална помош за организација на прославата за празникот св.Трифун во с.Кучичино, 2020 година.. 22

37.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за материјално-финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.10.2019-31.12.2019 година 23

38.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за материјално-финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.10.2019-31.12.2019 година 23

39.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Облешево“ за 2020 година и за обезбедени средства за планираните вработувања во ЈПКД „Облешево“ за 2020 година 23

40.ОДЛУКА за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД „Облешево“ за 2020 година и за обезбедени средства за планираните вработувања во ЈПКД „Облешево“ за 2020 година 24

41.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2019/2020 година 24

42.ОДЛУКА за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2019/2020 година 25

43.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2019/2020 година 25

44.ОДЛУКА за усвојување на Полугодишниот Извештај за работа на ООУ „Страшо Пинџур“ Соколарци за учебната 2019/2020 година..... 26

45.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за еднократна финансиска помош на Слободанка Коцева од Уларци 26

46.ОДЛУКА за еднократна финансиска помош на Слободанка Коцева од Уларци 26

47.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Ребаланс на Буџетот на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за 2020 година 27

48.ОДЛУКА за усвојување на Ребаланс на Буџетот на ООУ „Климент Охридски“ Облешево за 2020 година..... 27

49.СОДРЖИНА.....28

ПРИЛОГ:

1. Извештај за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2019 година, за период 01.01.-31.12.2019 година
2. Ребаланс на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2020 година, за ООУ „Климент Охридски“ Облешево и ООУ „Страшо Пинџур Соколарци